**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До: г. ________________ . ________

Бр. 03-18
Скопје 12.02.2019г.

**Предмет: Одговор на претставка бр.03-18 од15.02.2019 година**

Почитуван

Врз основа на Вашата Претставка, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги изврши вонреден надзор врз актуелно-информативната говорна шоу програма "Очи в очи" емитувана на ТВ 24 Вести на 13 февруари 2019 година, во периодот од 15:55:26 до 16:45:55. Снимката со сегментот што го доставивте со претставката, а во кој водителот на емисијата вели „...*Вас не Вс обврзува никој да имате пасош...(се насмевнува) ако не сакате, ако немате пари да патувате надвор, нема ни да имате пасош...*" изворно е емитуван во оваа емисија. За овој сегмент Вие велите дека претставува „...*класичен говор на омраза и навреда...*".

Со надзорот беше констатирано дека во емисијата нема прекршувања на посебните забрани од член 48 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не е емитуван говор на омраза. Имено, надзорот покажа дека не се исполнети условите од трипартитниот тест на Европскиот суд за човекови права во Стразбур (според кои Агенцијата го анализира евентуалното постоење говор на омраза), т.е. ограничувањето на слободата на изразување не е пропишано со закон, нема легитимна цел и не е неопходно во демократско општество. Што се однесува на тоа дали ова претставува навреда, Ве известуваме дека тоа прашање е регулирано со Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, за чие спроведување не е надлежна Агенцијата. Извештајот од надзорот е достапен на http://avmu.mk/tv-24-vesti/.

Во врска со вториот дел од Вашата претставка - прашањето "...*зошто ја отфрливте жалбата за одземање на 1 ТВ лиценцата, затоа што Боки 13 и вчера се „фали" дека е газда на ТВ 1ТВ*", Ве известуваме дека досега во Агенцијата не била доставена "жалба за одземање на лиценцата на 1ТВ". На седницата што се одржа на 25.01.2019 година, Советот на Агенцијата го разгледуваше и него прифати предлогот од директорот на Агенцијата – д-р Зоран Трајчевски, Агенцијата по службена

Агенција за аудиои аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

должност да поведе постапка за утврдување повреда на член 34 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со кој е забрането постоење таен содружник кај радиодифузерите. Записникот од оваа седница, од кој можете да добиете сознанија за дискусијата и за гласањето по оваа точка, е достапен на веб страницата на Агенцијата на следниот линк: http://avmu.mk/wp-content/uploads/2o19/o2/Zapisnik-od-3.pdf.

Срдечен поздрав,

Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги
Директор,

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ